**Мермерен Конбинат АД Прилеп**
Ул. Леце Котески бр.60А
7500 Прилеп
Република Северна Македонија
Телафон: +389 - 48 41 89 40
Факс: +389 - 48 41 89 98
e-mail: info@mermeren.com
www.mermeren.com

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Со цел да се обезбедат веродостојни и навремени информации на инвеститорите, Мермерен Комбинат АД Прилеп го издава следното соопштение, како дополнување на соопштението кое се однесува на девет месечните финансиски резултати за 2021 година објавено на 01/11/2021:

Приходите од продажба, заработувачката пред камата и даноци (EBIT), заработувачката пред камата, даноци и амортизација (EBITDA) и нето добивката за третиот квартал во финансиската 2021 година прикажани кумулативно, како и соодветните споредбени податоци од претходната година се прикажани во следната табела:

| Во 000 денари | 01/01-30/09/2021 | 01/01-30/09/2020 | 01/07-30/09/2021 | 01/07-30/09/2020 |
|---|---|---|---|---|
| Приходиод продажба | 1,354,370 | 977,279 | 522,778 | 506,351 |
| EBIT | 757,109 | 485,038 | 301,619 | 250,667 |
| EBITDA | 864,578 | 591,702 | 337,572 | 287,008 |
| Нето добивка | 685,630 | 461,021 | 273,363 | 227,468 |

Позајмиците од банки на компанијата на 30/09/2021 изнесуваа 19,003 илјади денари, додека нето долгот е негативен, и изнесува 1,162 милиони денари.

Како што е нагласено во извештајот на Одборот на директори за првата половина на 2021 година, компанијата го прилагоди своето работење во услови на пандемија со Covid-19 и веќе од третиот квартал на 2020 година започна да ги надминува последиците предизвикани од неа.

Зголемената потрошувачка на гориво во текот на овој деветмесечен период, резултираше со зголемени трошоци за производство пред амортизација за околу 3%, износ кој е целосно апсорбиран поради зголемените продажби.

Прилеп, 29 Ноември 2021